

НЕЗАВИСЕН

# ЗНМ ги осуди заканите кон екипата на ТВ 24 на митингот на ВМРО-ДПМНЕ

05/04/2024 13:58



*Фото: Б. Грданоски*

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го осудува агресивниот однос и вербалните закани кон новинарката Елизабета Дамјановска и нејзиниот колега снимател од ТВ 24, кој се случил за време на синиќешниот

партиски митинг на ВМРО-ДПМНЕ пред владата од страна на непознато лице.

„Бараме од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ како и до останатите учесници во изборната кампања, да го осудат нападот кон колегите од ТВ 24 и вакви инциденти да не се повторуваат", стои во соопштението.

Според изјавата од колегите на ТВ 24, за време на синоќешниот прв партиски митинг на опозициската партија ВМРО ДПМНЕ пред владата во Скопје, од страна на агресивно лице имало непријатен инцидент кој ја загрозил безбедноста на колешката Дамјановска и сниметелот на ТВ 24. Лицето најпрво започнало да ја навредува и омаловажува телевизиската екипа упатувајќи погрдни зборови и пцости општо за сите новинари, а потоа ова ескалирало и со закани кон нив со што предизвикал чувство на страв и несигурност.

ЗНМ потсетува дека новинарите имаат својство на службени лица и дека напад кон новинар или медиумски работник при вршење на професионални задачи е кривично дело кое се казнува со казна затвор.

ВМРО-ДПМНЕ преку соопштение го осуди секое спречување на медиумите во нивната работа, но вели дека таков инцидент не бил забележан ниту создаден од лицата кои се организатори на митингот. Оттаму велат дека е можнот тоа да биле уфрлени провокатори.

„Жалиме за навредите кон новинарската екипа на ТВ 24 и го осудуваме однесувањето на поединецот којшто упатил навреди. Истовремено, укажуваме и на атмосферата во која власта, СДС и Ковачевски започнаа хајка против медиуми, и оттука и на можноста за уфрлени провокатори за предизвикување на инцидент на првиот народен собир на ВМРО-ДПМНЕ со импозантна посетеност", се вели во соопштението.

## Најчитани

Познат прои…
22/06/2024 18:06

Ова е земја…
19/06/2024 16:34

„Мастер ги…
18/06/2024 13:54

Дел од оград…
23/06/2024 20:38

Тунелот Лога…
18/06/2024 16:53

Вработе масо…
19/06/2024 18:07






## ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ




GOLDEN ART 18 PREMIUM QUALITY
KARED Канцеларија. Рекреација. Дом.







### Судијката Билјана Иванова времено упатена за вршител на должност претседател на Основен суд Берово

24/06/2024 12:06

### ИКС: Левица и Димитар Апасиев со најмногу штетни наративи на социјалните мрежи во мај

24/06/2024 12:06

### Пенов му посака успешна работа на Перински во интерес на сите граѓани

24/06/2024 12:06

### Билјана Иванова ќе биде вршител на должност претседател на Основен суд Берово

24/06/2024 12:06

### ДСЗИ иницира формирање комисија за да се утврди дали имало пропусти во лекувањето на новороденчето од Ресен

24/06/2024 12:06

### Мисајловски: Посветено ќе работам за да бидеме горди на својата Армија

24/06/2024 10:06

### Скопје се чисти по синоќешното невреме

24/06/2024 10:06

### ДЗР: Институциите не обезбедуваат ефикасна и целосна заштита на критичните информациски системи

24/06/2024 09:06

© Независен Весник 2019 -2024

Насловна
Импресум
Маркетинг
Услови за користење